Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број:08-606/ 2

__________ Година

28-12-2022

Постапувајќи по претставката бр. 08-606/1 од 17.11.2022 поднесена од лицето [redacted] за сторена дискриминација во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 21 став 1 точка 14 и член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 23.11.2022 го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
### за отфрлање на претставка

**СЕ ОТФРЛА** поднесената претставка за заштита од дискриминација, согласно член 24 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, поради истек на подолг временски период од дознавањето на актот за дискриминација или од денот кога била сторена повредата.

### Образложение

На 17.11.2022 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] за сторена дискриминација во областа на работа и работни односи.

Подносителката во претставката наведува дека е дипломиран библиотекар во град Велес и дека во 2019 година библиотеката објавила јавен оглас за вработување на кој таа уредно доставила документи но по извесно време конкурсот бил поништен.

Заради добивање на информација подносителката се обратила до тогашниот градоначалник но тој никогаш не објавил јавен оглас. Подносителката во претставката наведува и дека тогашниот градоначалник без јавен оглас вработил директорка во училиштето, која што веднаш почнала да вработува партиски кадар. Но по доаѓањето на нов градоначалник во Град Велес, тогашната директорка дала оставка но останала да работи како библиотекарка.

Подносителката во претставката се жали дека во целиот овој период од 2019 година до поднесувањето на претставката и било одземено правото да конкурира и да се вработи како стручен, квалификуван и дефицитарен кадар во земјата.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, по разгледувањето на наодите од претставката, констатира дека во конкретниот случај не може да постапува по поднесената претставка затоа што согласно член 24 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставка може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата. Согласно став 6 од истиот член, Комисијата може да поведе постапка и по истекот на рокот доколку оцени дека се работи за случај што засега поголема група лица или кога последицата трае или засега јавен интерес, што не е случај со поднесената претставка.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

По однос на доставената претставка, Комисијата констатира дека поради истек на подолг временски период од дознавањето на актот за дискриминација или од денот кога била сторена повредата, не е можно да се постигне целта на постапката, односно да се утврди правилната фактичка состојба.

Поради овие околности, Комисијата со Заклучок констатира дека е невозможно да се донесе мислење за евентуална дискриминација и нема да постапува по поднесениот предмет.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]
2.Архива на КСЗД